**Известување за концентрација со која ЕННА СОЛАР друштво со ограничена одговорност за советување и услуги, Република Хрватска ќе стекне контрола над ПВП Цепхеус С.Р.Л., Република Романија**

**(предмет бр. 08-82/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 30.04.2025 година, а дополното на 09.05.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ЕННА СОЛАР друштво со ограничена одговорност за советување и услуги (ЕННА СОЛАР д.о.о.), со регистрирано седиште на адреса Господарска зона Вуковар 13, Вуковар, Хрватска, има намера да стекне директна контрола над друштвото ПВП Цепхеус С.Р.Л., друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на адреса 45Х Друмул Гура Путнеи, прв спрат, апартман 5, соба 1, Округ 3, Букурешт, Романија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ЕННА СОЛАР д.о.о**. е друштво кое е основано и постои согласно законите на Република Хрватска и се занимава со развој и инвестирање во постројки за производство на електрична енергија од обновливи извори, како што се соларни и ветерни централи.

ЕННА СОЛАР д.о.о е дел од ЕННА групата. ЕННА е водечки инвеститор и еден од најбрзо растечките инвестициски групи во Хрватска, која е посветена на пружање на иновативни решенија кои поттикнуваат зелена трансформација и создаваат трајна вредност за партнерите и заедницата, како во енергетскиот сектор, така и во секторот на транспорт, односно логистика.

ЕННА СОЛАР д.о.о. има намера со Трансакцијата да стекне 100% удел во Целното друштво и, по завршувањето на Трансакцијата, преку ПВП Цепхеус С.Р.Л., ќе продолжи да го гради, пушта во работа и управува со Проектот (поточно, да ја продава електричната енергија произведена од Проектот).

**ПВП Цепхеус С.Р.Л.,** е друштво кое е основано и постои согласно законите на Република Романија. Истото е основано заради реализација на проект за изградба на фотоволтаична централа, при што Целното друштво е сопственик или носител врз целокупниот имот, договори, дозволи (и права кои се однесуваат на фотоволтаичната централа „Mihailesti-Bulbucata“, со придружните мрежни приклучоци и друга помошна инфраструктура, лоцирана во близина на Михаилести (Mhailešća), во округот Џурџу (Giurgiu), во Романија, со капацитет од 68,115 MW  (“Проектот”).

**ПВП Цепхеус С.Р.Л.,** нема присуство во Република Северна Македонија и не остварува приходи на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.05.2025 година

Скопје